# П Р О Г Р А М А

за работа на Македонско научно здружение за аутизам во 2007 година

Во текот на 2007 година Македонското научно здружение за аутизам планира да изведе повеќе активности:

- Започнување со анализите на крвта од децата со аутизам и нивните родители доколку се добијат финансиски средства од Министерството за образование и наука на РМ за проектот: "Одредување на автоантитела, цитокини и ЦД маркери кај лицата со аутизам во Република Македонија";
- Изработка на две магистерски тези од членови на МНЗА на последипломскиот студиум на Институтот за дефектологија;
- Објавување на најмалку два труда за аутизмот во странски списанија;
- Возобновување со нови податоци на web страницата на МНЗА и линкот Аутизам-Македонија;
- Откривање на нови случаи со аутизам;
- Активности за формирање на национален регистер за аутизмот во РМ;
- Покана на еминентни стручњаци аутизмолози од САД, Канада и сл;
- Учество на стручњаци од МНЗА на меѓународни семинари, конгреси и конференции каде што се обработува аутизмот како проблем;
- Учество на МНЗА во проектите на Аутизам Европа и ЕАСПД (European Association of Service Providers for People with Disabilities), каде што е придружен член;
- Запознавање на пошироката јавност за поимот аутизам преку електронските и печатените медиуми.

Претседател на МНЗА,

Доц. д-р Владимир Трајковски